Врз основа на член 370 од Законот за трговските друштва и членовите 65 и 66 од Статутот на ДГ „Бетон" АД Скопје, Одборот на директори со 3 (три) гласа ЗА, ниеден против, ниеден воздржан на 31.08.2020 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за свикување на годишно Собрание со дневен ред**

**Член 1**

Се свикува Годишно Собрание на акционерите на ДГ Бетон АД Скопје со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

- **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**
  Избор на Претседавач на Собранието;
  Избор на Комисија за утврдување на кворум, спроведување на гласање и пребројување на гласови;
- Записникот на Собранието ќе го води Нотар.
- **РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Донесување на Предлог Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото за 2019 година;
2. Донесување на Предлог Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидиран финансиски извештај и годишниот извештај за работа на друштвото за 2019 година;
3. Донесување на Предлог Одлука за усвојување на годишниот ревизорски извештај за 2019 година;
4. Донесување на Предлог Одлука за увојување на консолидираниот годишен ревизорски извештај за 2019 година;
5. Донесување на Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2019 година;
6. Донесување на Предлог Одлука за распределување на добивката од 2019 година;
7. Донесување на Предлог Одлука за усвојување на годишниот Извештај од внатрешната ревизија за 2019 година;
8. Донесување на Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на годишната сметка за 2020 година;
9. Донесување на Предлог Одлуки за одобрување на големи зделки;
10. Донесување на Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ДГ Бетон АД Скопје;
11. Донесување на Предлог Одлука за избор на членови на одборот на директори поради истек на мандатот;
12. Донесување на Одлука за Свикување на годишно Собрание на Акционери со дневен ред;

Седницата на Собранието ќе се одржи во просториите на ДГ Бетон АД Скопје, Миле Поп Јорданов 32а, 1000 Скопје, ПЕТОК, на 02.10.2020 со почеток во 11.00 часот.

На Седницата на собранието може да присуствува секој акционер на друштвото или именуван застапник согласно Законот за трговските друштва. За секое дадено Полномошно, Акционеро треба писмено да го извести друштвото.Учеството на Собранието се пријавува најдоцна до почетокот на седницата преку архивата на ДГ Бетон АД Скопје. Доставување на предлози за членови на Одборот на директори ќе се врши најдоцна до 25.09.2020 година. Материјалите за Собранието ќе бидат достапни за акционерите од денот на објавувањето на Јавниот повик во Правната служба на ДГ Бетон АД Скопје. Вклучување на нови точки од дневниот ред се врши согласно Законот за трговските друштва.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за правни и административни работи да го објави јавниот повик во дневниот весник Нова Македонија, Секторот Економика да ги достави предлог Одлуките до Македонска Берза, а Центарот за информатичка технологија да го објави повикот на веб страната на ДГ Бетон АД Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Одбор на директори,**
**Претседател,**
**Минчо Јорданов**